# З А П И С Н И К

од осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 07.12.2021 во 18:00 часот, во просториите на Агенцијата.

Присутни: Стевица Јосифовски, Тања Ковачев, Насер Адеми, Александар Давчевски и Ервин Реџепагиќ.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 8 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за осумнаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од седумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Барање согласност за дообезбедување на средства за Здравствени прегледи;
4. Барање согласност за јавна набавка на услуга Резервација и испорака на авиобилети за одредени дестинации за потребите на АЕК;
5. Усвојување на Годишната програма за работа на АЕК за 2022;
6. Барање на согласност за пополнување на работни места преку мобилност;
7. Барање на согласност за склучување Договор на дело;
8. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа беше разгледан Записникот од седумнаесетиот состанок на Комисијата, па откако беше усвоен од страна на членовите на комисијата, се премина на третата точка од дневниот ред.

Во врска со точка број три Директорот на Агенцијата ја објасни потребата од ова барање за дообезбедување на средства за здравствени прегледи по што членовите дадоа согласност за истата.

За точка број четири Директорот на Агенцијата ја објасни потребата од оваа набавка се даде согласност за истата.

Во врска со барањето под точка број 5 беше дискутирано од членовите за објавената годишна програма за која директорот ги образложи измените во финансискиот план околу настанатите

поскапувања со струјата, за состојбата со Кулата, по што откако се констатираше дека нема пристигнато коментари и забелешки од операторите, членовите дадоа согласност и се задолжија службите да постапат по усвоената годишна програма.

Точката под број 6 се одложи за нареден состанок на Комисијата.

За барањето под реден број 7 членовите дадоа согласност за потпишување.

Под точка разно беа разгледани барањата за донации пристигнати до Агенцијата. Се даде согласност за стипендии за студирање од техничките и информатичките науки на следните универзитети: Универзитетот Мајка Тереза, Американски Универзитет на Европа – ФОН и Универзитетот Американ Колеџ, Скопје. Воедно се даде согласност за донирање на настраданите во автобуската несреќа во Бугарија и тоа по 60.000,00 денари за секој патник, при што средствата да бидат исплатени од новиот буџет во 2022 година.

Седницата заврши во 21:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Тања Ковачев, член ___________________________

Насер Адеми, член ____________________________

Александар Давчевски, член____________________

Ервин Реџепагиќ, член___________________________